# Заштита на личните податоци

Мануела Станоевска Стоилковска
Виш супервизор

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
⇓⇑
# СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

- Устав на РСМ

– Заштита на личните податоци (чл.18)
– Слободен пристап кон информациите (чл.16)

- General Data Protection Regulation – GDPR 679/16
- Закон за заштита на личните податоци 42/2020

- Со **<u>Законот за заштита на личните податоци</u>** се уредува заштитата на личните податоци и правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката на личните податоци, правата на субјектот на личните податоци, положбата на контролорот и обработувачот, преносот на личните податоци во други држави, основањето, статусот и надлежностите на Агенцијата за заштита на личните податоци, посебните операции на обработка на личните податоци, правните средства и одговорноста при обработката на личните податоците, супервизијата над заштита на личните податоци, како и прекршоците и прекршочната постапка во оваа област.

- **<u>Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер</u>** има цел да обезбеди јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат своето право на слободен пристап до информации од јавен карактер.

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
# ⇃⥣
# СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

- Исклучок предвиден со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер:

  Во член 6 е предвидено: „Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до

  – личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци;

# Поими

* Личен податок
* Контролор
* Обработувач
* Обработка
* Корисник
* Согласност
* Посебни категории на лични податоци



# Нови дефиниции (поимник)

**„Обработка на личните податоци“** е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување









Плата




* **Личен податок** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име, матичен број на граѓанинот, **податоци за локација, мрежен идентификатор**, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.






# Посебни категории на лични податоци

Лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице.





**Генетски податоци** се лични податоци поврзани со генетските карактеристики на физичкото лице кои се наследени или стекнати, а кои откриваат единствена информација за неговата физиологија или здравје, која особено се добива со анализа на биолошки примерок од тоа физичко лице.

**Податоци што се однесуваат на здравјето** се лични податоци поврзани со физичкото или менталното здравје на физичкото лице, вклучувајќи и податоци за добиената здравствена заштита кои откриваат информации за неговото здравје.



* **Биометриски податоци** се лични податоци кои се добиваат преку специфична техничка обработка на физичките и физиолошките карактеристики на физичкото лице или карактеристики на неговото однесување, а преку кои се овозможува или потврдува единствената идентификација на физичкото лице.



* **Нарушување на безбедност на личните податоци** е секое нарушување на безбедноста, што доведува до случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање или пристап до личните податоци кои се пренесуваат, чуваат или на друг начин се обработуваат.



# Услови за согласност

- Кога обработката се врши врз основа на согласност, контролорот е должен да демонстрира дека субјектот на личните податоци дал согласност за обработка на неговите лични податоци

- „Согласност“ на субјектот на лични податоци е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјавена волја на субјектот на личните податоци, преку изјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци



# Начела за заштита на личните податоци

* законитост, правичност и транспарентност
* ограничување на целите
* минимален обем на податоци
* точност
* ограничување на рокот на чување
* интегритет и доверливост
* отчетност



# Елементи за демонстрирање на отчетност



















# ОФИЦЕР ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

- Улога на офицерот за заштита на личните податоци
- Положба на офицерот за заштита на личните податоци
- Работи кои ги врши офицерот за заштита на личните податоци



# Права на субјектот на личните подтоци

**1. Транспарентност,** што подразбира: транспарентни информации, комуникација и начини на остварување на правата на субјектот на личните податоци

**2. Информации и пристап до лични податоци**, што се однесува на:

* - информациите кои се доставуваат при собирање на лични податоци од субјектот на личните податоци,
* - информациите кои се доставуваат кога личните податоци не се добиени од субјектот на личните податоци, и
* - правото на пристап на субјектот на личните податоци

**3.Исправка и бришење**, што вклучува:

* - право на исправка,
* - право на бришење („право да се биде заборавен“),
* - право на ограничување на обработката,
* - обврска за известување при исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката и
* - право на преносливост на податоците.

**4. Право на приговор и автоматизирано донесување на поединечни одлуки**:

* - право на приговор,
* - автоматско донесување на поединечни одлуки, вклучувајќи и профилирање

# ЗЗЛП

* VII. ПОСЕБНИ ОПЕРАЦИИ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

* **Обработка и слобода на изразување и информирање**

**Член 81**

* (1) Во однос на обработката извршена за новинарски цели или за целите на академско, уметничко или литературно изразување, одредбите од глава II (Начела), глава III (Права на субјектот на личните податоци), глава IV (Контролор и обработувач), глава V (Пренос на лични податоци) и глава VI (Агенција за заштита на личните податоци), како и одредбите од оваа глава од овој закон, може да се исклучат или да се отстапи од нив, доколку тоа е потребно заради **балансирање на правото на заштита на личните податоци со слободата на изразување и информирање.**

## Обработка и јавен пристап до службени документи

**Член 82**

* Орган на државната власт, државни органи или правно лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон може да открие лични податоци од службените документи кои ги поседува, со цел спроведување на работи од јавен интерес согласно со посебен закон, при што се балансира јавниот пристап до службени документи со правото на заштита на личните податоци во согласност со овој закон.



# ПРОЦЕС НА БАЛАНСИРАЊЕ

* При процесот на балансирање на правото на заштита на личните податоци со слободата на изразување и информирање се земаат во предвид следните критериуми:
  - природата на личните податоци,
  - околности под кои се добиени личните податоци,
  - влијанието на објавената информација кон дискусијата за јавниот интерес,
  - колку е познато засегнатото физичко лице и кој е предметот на информацијата,
  - претходно поведение на засегнатото физичко лице,
  - претходна согласност на засегнатото физичко лице,
  - содржината, формата и последиците од објавувањето на информацијата.
* Пропорционалност  и влијание



# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

- Документирани политики за заштита на личните податоци
- Интегрирана техничка заштита
- Анализа на ризик
- Проценка на влијанието на обработката врз приватноста
- Мерки за безбедност на обработката на личните податоци

* псевдонимизација и криптирање на личните податоци;
* способност за обезбедување на континуирана доверливост, интегритет, достапност и отпорност на информацискиот систем за обработка;
* способност за навремено, повторно воспоставување на достапноста до личните податоци и пристапот до нив во случај на физички или технички инцидент; и
* процес на редовно тестирање, оценување и евалуација на ефективноста на техничките и организациските мерки со цел да се гарантира безбедноста на обработката.



# Прашања



# Ви благодарам на вниманието

